Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го објавува следниот

**ЈАВЕН ПОВИК бр.1/2024**
**за доставување на барања за исплата на средства од Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за потточките од следните мерки:

| *Мерка 1* | *Финансиска поддршка во рибарството* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 1.6 | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | - **до 30.000 денари за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони**<br>- **до 150.000 денари за заштита на риболовни зони**<br>- **до 400.000 денари за заштита на риболовни подрачја** |
| Потточка 1.7 | Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води | - **до 30.000 денари** |
| Потточка 1.8 | Финансиски средства за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | - **до 60.000 денари** |

| *Мерка 2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 2.2 | Финансиска поддршка за порибителен материјал | - **50% од вредноста на набавениот или сопствениот подмладок** |

| *Мерка 4* | *Развој на нови пазари и прпмотивни кампањи* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 4.1 | Финансиска поддршка за промоција на рибарство | - **до 300.000 денари** |
| Потточка 4.2 | Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство | - **до 300.000 денари** |

## II. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

Право на користење на средства по потточките имаат:

| *Субјекти* | *Потточка* |
|---|---|
| • Концесионерите на рибите од риболовните води. Еден концесионер може да користи средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов | 1.6, 1.7, 1.8 |
| • Субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и да немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2023- декември 2024 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот<br>• **За набавен подмладок,** субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2023 - декември 2024 година | 2.2 |
| • Рибарски и риболовни здруженија и концесионерите на риби | 4.1 |
| • Субјекти регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и/или организации на производители запишани во Регистарот на организации на производители кој се води во Министерството | 4.2 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата од потточка 1.6 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа и донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2023 година до 30 септември 2024 година и тоа за направени трошоци за:

-услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице

-набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот

-набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот

-изнајмување на пловни објекти од трети лица

Средствата од потточка 1.7 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

Средствата од потточка 1.8 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води.

Средствата од потточка 2.2. се наменети за набавка на порибителен материјал за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 31 мај 2024 година и 01 јули до 30 септември 2024 година.

Средствата од потточка 2.2. се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 3.500 кг – 100% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 3500 кг до 7000 – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 7000 кг до 9000 – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок над 9000 кг – 25% од вредноста на утврдената цена на подмладокот.

Средствата од потточка 4.1 се наменети за надомест на трошоци за промоција на производи од рибарство за традиционална посебност.

Средствата од потточка 4.2 се наменети за надомест на трошоци за промоција и маркетинг на аквакултурното производство и спроведување на национални кампањи за промоција и маркетинг за производи од аквакултура.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата се доставуваат во оригинален примерок.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени во Програмата за финансиска поддршка во рибарстовото и аквакултурата за 2024 година („Службен весник на РСМ“, бр. 13/2024).

**Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година, Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата” со листата на потребни документи и Упатството за корисници може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 8:30 до 14:30 часот на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**

**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20**
**(зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарстовото и аквакултурата за 2024 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 01/2024 и назначување на шифрата на потточката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата
Доколку ковертот не е обележан како што се бара, Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

НАПОМЕНА: НЕКОМПЛЕТНИ БАРАЊА СЕ НЕПРИФАТЛИВИ И ИСТИТЕ НЕМА ДА БИДАТ РАЗГЛЕДУВАНИ. ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПРИЛОЖУВА КОН БАРАЊАТА ЗА ИСПЛАТА Е УТВРДЕНА ВО ОБРАЗЕЦОТ „БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА” ЗА СЕКОЈА МЕРКА ПОЕДИНЕЧНО ДОСТАПЕН НА ВЕБ СТРАНАТА НА АГЕНЦИЈАТА

**Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства:**
**За Потточка 1.6**

- за вршење на дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2023 до 20 март 2024 година, краен рок е 05 април 2024 година.
- за вршење на дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април 2024 до 15 јули 2024 година, краен рок е 01 август 2024 година.

**Корисниците за потточка 1.6 може да користат средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов**

**За Потточка 1.7**

- трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води, краен рок е 07 Октомври 2024 година

**За Потточка 1.8**

- трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води, краен рок е 07 Октомври 2024 година

**За потточка 2.2**

- за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 31 мај 2024 година, краен рок е 7 јуни 2024 година. За насадување на рибниците пред објавување на овој јавен повик, краен рок за доставување на барањата е 10 дена од објавување на јавниот повик.
- за насадување на рибниците во период од 01 јули до 30 септември 2024 година, краен рок е 7 октомври 2024 година.

**За Потточка 4.1 и 4.2**

- краен рок е 07 Октомври 2024 година

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-450 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk или www.pa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: **02 3097 - 450**, секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот.

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

.